Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младински политики (Службен весник на РСМ број 10/20) и член 44-а, и 44-б од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип, на седницата одржана на 28 јули 2025 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ФОРМИРАЊЕ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТИ НА ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

## Член 1

Со оваа одлука се формира Локален младински совет на Општина Штип и се верификуваат мандатите на членовите на истиот.

## Член 2

Локалниот младински совет е составен од 7 (седум) члена.

Мандатот на членовите трае 2 (две) години со право на уште еден избор.

## Член 3

Се верификуваат мандатите на членовите на Локалниот младински совет и тоа:

- Ангела Стојанова
- Станела Гацова
- Ангела Радева
- Андреа Кукушева
- Јована Анчева
- Ристе Јакимов
- Мартин Зарков

## Член 4

Со донесување на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање и верификација на мандати на членовите на Локалниот младински совет на општина Штип број 08 – 1826/1 од 07 март 2023 година.

## Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08 – 5452 /1
28 јули 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова